# *ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ*

*Белановска бр.50 Доброшане Куманово*

*Тел.078 396 104 е-моил:kriskontorevizija@gmail.com*

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија( Службен весник на РСМ бр.158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 , 83/2018 и 122/2021 ) ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово го објавува следниот :

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

1. **Опис на правната структура и сопственост**

**-Целосен назив на субјектот**

Трговец поединец за ревизорски работи и даночно советување ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ Младеновска Драган Кристина Куманово

**-Опис на правната форма**

Трговец –поединец

**-Место на основање и регистрација ,држава**

Куманово,Република Северна Македонија

**-Дата на основањето според тековната состојба**

28.10.2022

**-Регистарски број во регистар при ИОРРСМ**

ТП028

**-Број на лиценца за работа за вршење на работи за ревизија издадена од советот и датум на издавање**

ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ-Куманово поседува лиценца за вршење на работи за ревизија на овластен ревизор-трговец поединец-Регистарски број на лиценцата 23, број 08-311/3 од 17.11.2022 година ,издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија.

Кристина Младеновска поседува лиценца за вршење на работи за ревизија на овластен ревизор-Регистарски број на лиценца 248, број 08-296/3 од 02.11.2021 година,издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија.

**-Број на вработени лица во субјектот,согласно законот за работни односи,со состојба на 31 декември и со состојба на датумот на објавување на Извештајот**

На ден 31.12.2022 година бројот на вработени на неопределено полно работно време: 1(еден)

На ден 31.03.2023 година бројот на вработени на неопределено полно работно време: 1(еден)

**-Број на вработени овластени ревизор**

На ден 31.12.2022 година бројот на вработени овластени ревизори : 1(еден)

На ден 31.03.2023 година бројот на вработени овластени ревизори: 1(еден)

**-Опис на сопственичка структура на овластениот –ревизор-трговец поединец**

Сопственост на 1 (едно) физичко лице ,овластен ревизор,Кристина Младеновска-Куманово

**-Приоритетна дејност/главна приходна шифра**

69,20 Сметководствени,книговодствени и ревизорски работи,даночно советување

-Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија

Минимална сума на покривање по штетен настан:Еур 30.000

Полиса бр.130150012096 од АД осигурителна полиса Скопје

Период на осигурување: 02.11.2022 до 02.11.2023 година

2. **Опис на професионалната мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа**

ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ-Куманово делува како овластен ревизор-трговец поединец на територијата на Република Северна Македонија и не припаѓа на други професионални мрежи освен членството во ИОРРСМ.ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово е основана и работи со цел давање на услуги на клиенти кои делуваат на пазарот на Република Северна Македонија.

3. **Опис на управувачката структура на субјектот**

Трговец поединец-сопственик,Кристина Младеновска,Овластен ревизор

4. **Опис на внатрешниот систем на контрола квалитет на субјектот и изјава од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на фукционирањето на системот.**

**-Цели и поставеност на внатрешниот систем на контрола на квалитет според МСКК1**

Политиката на КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ-Куманово е да одржува високо ниво на интегритет,професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива,како и одржување на висок степен на професионално знаење.

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ-Куманово е воспоставен во согласност барањата на :

- МСКК 1-Меѓународни стандарди за контрола на квалитет 1 и
- МСР 220-Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи.

Системот за контрола на квалитет на ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово вклучува документирани политики и постапки за контрола на работењето(Правилник за контрола за квалитет).

МСКК 1 се однесува на одговорностите на ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување ,дека ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадените околности.Системот на контрола и квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на :

- Одговорноста на сопственикот-овластен ревизор за квалитет во рамките на канцеларијата
- Релевантни етички норми
- Прифаќање и одржување на односите со клиентите
- Човечки ресурси
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување

МСР 220 се однесува на контрола на квалитет за поединечни ангажмани.

Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на дружтвотп е управителот на друштвото (овластен ревизор) кој во име на ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово ги потпишува ревизорските извештаи.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово , доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитетот на ревизорите кои се извршуваат од ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово ,како и на ниво на трговец поединец,така и на ниво на поединечни ангажмани,се со цел да се обезбеди дека вработените се придржуваат кон интерните акти на друштвото при спроведување на поставените задачи од страна на раководителот .

(прилог: изјава 1)

5. **Независност на ревизорот**
ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово смета дека независноста е основа за квалитетот,објективноста,професионализмот и довербата во ревизорското работење,следствено ние посебно внимание посветуваме на независноста дали постојат ситуации каде што е можна загрозување на независноста на ревизорот.Во таа смисла сопственикот ,вработениот,соработниците мора да се придржуват кон следните критериуми:
   - Чесност и објективност
   - Професионална стручност и должничко внимание
   - Избегнување на етички судири со клиенти
     Доверливост
   - Професионално однесување

Независноста на ревизорскиот персонал се исполнува со изјава за независност на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договор за ревизија.

(Прилог изјава 2)

6. **Професионално усовршување на овластените ревизори и другиот ревизорски персонал**
ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово овозможува на вработените понатамошно професионално усовршување преку присуство на обуки организирани од ИОРРСМ како и од други овластени консултански куќи.

(Прилог изјава 3)

7. **Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од Законот за ревизија во Република Северна Македонија**
Согласно член 20-а од Законот за ревизија,овластените ревизори-трговци поединци подлежат на систем за контрола на квалитет,заради усогласеност на работењето на ревизорите со пороцедурите за вршење на ревизија пропишано со Меѓународните стандарди за ревизија,Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.
До датумот на овој извештај за транспарентност не се извршени проверки за уверување во квалитетот на ревизорот согласно Законот за ревизија.

8. **Список на кои е извршена законска и договорна ревизија во текот на претходната година**
До датумот на овој извештај ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово нема извршено ниту законска ниту договорна ревизија.

9. **Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци**

| Вид на приход (во 000 ден) | 2022 | % | 2021 | % |
|---|---|---|---|---|
| Ревизорски ускуги на годишни и косокидирани сметки | 0 | 0% | 0 | 0 |
| Останати услуги | 106 | 100% | 0 | 0 |
| Вкупно | 106 | 100% | 0 | 0 |

**10. Инфирмација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор**

При ревизијата,хонорарот се утврдува според големината на субјектот,бројот на предвидените часови и потребен број на извршители во тимот.ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ – Куманово обезбедува регуларни плати и утврдува бонуси кои што се исплаќаат на крајот на годината.

Куманово март 2023 година

Изјавил

Кристина Младеновска овластен ревизор

# Прилог 1

**Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет**

Јас Кристина Младеновска управител на овластениот ревизор-трговец поединец ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово ,како одговорен за квалитетот на ревизиите изјавува дека системот на контрола на квалитетот на овластениот ревизор-трговец поединец функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека овластениот ревизор-трговец поединец и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди,регулаторните и законските барања,и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Политиките и процедурите кои ги сочинуваат внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото се спроведуваат на ефективен налин.

Куманово Март 2023 година

Изјавил

Кристина Младеновска овластен ревизор

# Прилог 2

**Изјава за независното работење со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ КУМАНОВО**

Врз основа на барањата на Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ –Куманово Кристина Младеновска овластен ревизор изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста со барањата за независност и дека истите се спроведени.

Куманово Март 2023 година

Изјавил

Кристина Младеновска овластен ревизор

# Прилог 3

**Изјава за политиката што ја следи ТП КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ КУМАНОВО за континуирана едукација на овластениот ревизор**

Врз основа на законот за ревизија ТП **КРИС КОНТО РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ КУМАНОВО**,Кристина Младеновска овластен ревизор изјавува дека посетува обука од најмалку 40 часа континуирано професионално усовршување организирано од ИОРРМ.

Куманово Март 2023 година

Изјавил

Кристина Младеновска овластен ревизор